АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК - СКОПЈЕ

# П О С Е Б Н И   У С Л О В И

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ДОГОВАРАЧОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

**-Пречистен текст-**

### Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1) Овие Посебни услови за осигурување од одговорност на договарачот на осигурувањето од последици на несреќен случај (незгода) - (во понатамошен текст: Посебни услови), се составен дел на договорот за осигурување на лица од одговорност што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје (во понатамошен текст: Осигурувач).

(2) Според одредбите на овие Посебни услови осигурена е оштета од одговорност на договарачот на осигурувањето во однос на лицата за кои склучил осигурување од последици на несреќен случај со осигурувачот по соодветните дополнителни услови за осигурување на:

- Гости на хотели, лекувалишта, кампови и бунгалови;
- Посетители на културно-уметнички, спортски и други приредби;
- Посетители на објекти за рекреација;
- Туристи и излетници

(3) Одделни изрази во овие Посебни услови значат:

- **Договарач** - физичко лице или правно лице кое ќе склучи со осигурувачот договор за осигурување;
- **Оштетен** - лице кому договарачот му одговара според прописите или правните правила за надомест на штета;
- **Корисник** - лице на кое се врши исплата на осигурената сума односно надомест
- **Полиса** - утврдена форма на договорот за осигурување;
- **Осигурена сума** - највисок износ до кој осигурувачот е во обврска за еден осигурен случај, до колку со овие Посебни услови не е поинаку одредено;
- **Несреќен случај** - настан кој може да има за последица поставување на едно или повеќе оштетни побарувања против договарачот.

(4) Во случај на несогласување на некои одредби на овие Посебни услови со некои одредби на полисата, ќе се применат одредбите на полисата, а во случај на несогласување на некои печатени одредби на полисата и некои нејзини ракописни одредби, ќе се применат ракописните одредби.

### Член 2 - ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ

(1) Осигурувачот е во обврска за оштетните побарувања кои ќе ги поставaт осигурените лица од последици на несреќен случај, односно во случај на нивна смрт корисниците на осигурувањето спрема договарачот, ако овој според постојните прописи или правните правила е одговорен за настанатата штета, и тоа:

1. поради смрт, повреда на телото или нарушување на здравјето кое бара лекарска помош;
2. поради оштетување или исчезнување на предмети.

(2) Со осигурување се опфатени оштетните побарувања спрема договарачот на осигурувањето, и тоа:

1. Хотелот, лекувалиштето, камповите, бунгаловите, и другите правни и физички лица кои се занимаваат со издавање на ноќевања:

   а)поради настан, што ќе ги снајде гостите за време на престој во просториите на договарачот на осигурувањето и неговите погони или на земјиштето наменето за одмор (во паркот, бавчата и сл.), а кој има за последица смрт, повреда на телото или нарушување на здравјето кое бара лекарска помош;

   б)поради оштетување или исчезнување на предмети, кои гостите ги предале на чување на договарачот или ги држеле во собата одредена за преноќиште, ако таа соба во нивна отсутност била заклучена, при одржување ако тоа го врши договарачот на осигурувањето;

   в)поради друга штета на предмети на гостите која ќе настане на местата назаначени во точката 1 а) од овој став;

   г)за оштетување, исчезнување или кражба на пари, накит и други предмети од вредност, осигурувачот е во обврска само во случај ако тие предмети биле предадени на договарачот на осигурувањето на чување.

2. Јавни бањи (затворен и отворен тип), други правни и физички лица, кои се занимаваат со оваа дејност:

а) поради настан, што ќе ги снајде капачите во просториите на бањата, а кој има за последица смрт, повреда на телото или нарушување на здравјето кое бара лекарска помош;

б) поради оштетување или исчезнување на предмети, кои капачите ги држеле во кабини или гардеробите на капалиштето;

ц) поради други штети врз предмети на капачите кога ќе настанат на местата наведени во точка 2 а) од овој став;

д) за оштетување, исчезнување или кражба на пари, накит и други предмети од вредност, осигурувачот е во обврска само во случај ако тие предмети биле предадени на договарачот на осигурувањето на чување.

3. Кина, театри и други правни и физички лица, кои организираат културно-уметнички, спортски и други приредби:

а)поради настан, што ќе ги снајде посетителите во просториите на договарачот на осигурувањето, а кој има за последица смрт, повреда на телото или нарушување на здравјето кое бара лекарска помош;

б)поради оштетување или исчезнување на предмети во гардероби, поради оштетување на предмети во простории за приредби, во просториите вон од салите во кои е дозволено задржување само на посетители со купени билети. Во просторот на спортски терен или на друго место, каде се одржува приредбата или спортскиот натпревар, ако тоа место е одредено за гледачи;

в)поради други штети врз предмети на капачите кога ќе настанат на местата наведени во точка 3 а) од овој став;

4. Туристички организации и физички лица кои превезуваат излетници и туристи:

а)поради настан, што ќе ги снајде излетницити ги имале со себе пред почетокот на возењето на одреденото зборно место, за време на возењето и по доаѓањето од излет на одреденото место за повраток од излетот, а кој има за последица смрт, повреда на телото или нарушување на здравјето кое бара лекарска помош;

б)поради оштетување или исчезнување на предмети кои излетниците ги имале со себе пред почетокот на возењето на одреденото зборно место, за време на возењето и непосредно по доаѓањето од излет до местото одредено за враќање од излетот;

в)поради други штети врз предмети на излетниците кога ќе настанат на местата наведени во точка 4 а) од овој став;

## Член 3 - ОБВРСКА НА ОСИГУРУВАЧОТ

(1) Обемот на обврската на осигурувачот за штети на:

1. Гостите на хотели, бањи летувалишта, бунгалови, јавни капалишта:

а)поради исчезнување на пари, без оглед на износот, за исчезнување накит и други вредни предмети чија поединечна вредност надминува 20.000 денари, осигурувачот е во обврска само во случаи ако гостинот ги предал на чување на договарачот на осигурувањето со писмена потврда и ако овластеното лице за примање и чување ги држи парите и накитот во затворена каса, а другите вредни предмети во за тоа одредена заклучена просторија;

б)поради исчезнување на накит и други предмети чија поединечна вредност изнесува до 20.000 денари, осигурувачот е во обврска само во случаи ако гостинот ги оставил во собата за ноќевање и ако таа соба во негова отсутност била заклучена.

2. За гости во кампови:

а)поради исчезнување на пари, без оглед на износот, за исчезнување накит и други вредни предмети чија поединечна вредност надминува 20.000 денари, осигурувачот е во обврска само во случаи ако гостинот за време на својата отсутност ги предал на чување на овластеното лице со писмена потврда и ако тоа лице преземените предмети ги држи во заклучена каса, односно во за тоа предвидена просторија.

3. Гости сместени во приватни куќи:

а)поради исчезнување на пари, без оглед на износот, за исчезнување накит и други вредни предмети чија поединечна вредност надминува 20.000 денари, осигурувачот е во обврска само во случаи ако гостинот за време на својата отсутност ги предал на чување на сопственикот на станот со писмена потврда и ако тоа лице преземените предмети ги држи во заклучена каса, односно во заклучена просторија или во заклучен дел од покуќнината, до колку поинаку не е договорено.

(2) Вредни предмети во смисла на овие Посебни услови се сметаат предметите чија поединечна вредност надминува 20.000 денари ( накит, апарати, инструменти, часовници, хартија од вредност, уметнички дела, исправи и документи, филателистички и нумизматички збирки и на тоа слично.)

(3) Ако договарачот е во обврска спрема гостинот за исчезнат накит и ствари чија поединечна вредност надминува 20.000 денари, а гостинот не ги предал на чување во смисла на овие посебни

услови, осигурувачот е во обврска-да го надомести на договарачот износот од 20.000 денари за секој исчезнат накит односно ствари.

Износот од над 20.000 денари по поединечен вреден предмет и накит паѓа на товар на договарачот.

(4) Ограничувањето на износот од овој член може да се зголеми со одлука на осигурувањето.

**Член 4 - ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И ОБВРСКИТЕ**

Во однос на траењето на осигурувањето и обврските важат одредбите на Дополнителните услови за осигурување од последици на несреќен случај.

**Член 5 - ОБВРСКИ И ПРАВА НА ОСИГУРУВАчОТ**

(1) Осигурувачот е во обврска:

1. да го проучи и испита основот и обемот на одговорноста на договарачот на осигурувањето;
2. да го брани договарачот на осигурувањето од неосновани побарувања;
3. да го исплати надоместот на штета во границите на договорените суми кој договарачот на осигурувањето е должен да го исплати на корисникот врз основа на полноважна судска одлука, по судско или вонсудско порамнување, во кои осигурувачот учествувал согласно став 2 од овој член.
4. да му ги надомести на договарачот на осигурувањето сите судски и вонсудски трошоци направени со цел за намалување на оштетното барање, како и трошоците на одбраната настанати во кривичната постапка водена поради делото или пропусти, кои би можел да ги има како последица на одговорност на договарачот на осигурувањето, ако осигурувачот на таква одбрана претходно се согласил. Овие го опфаќаат и хонорарот на бранителот ангажиран по желба или со согласност на осигурувачот без оглед на исходот на судскиот спор односно кривичната постапка, и тоа по важечка адвокатска тарифа. Трошоците во кривичната постапка, кои ги имало оштетеното лице, осигурувачот не е должен да ги надомести;
5. да даде обезбедување во случаите во кои договарачот на осигурувањето е должен да го направи.

(2) Осигурувачот има право во случај на спор помеѓу осигуреникот и договарачот на осигурувањето да стапи во процес како вмешател или да преземе водење на спор или да стапи во процес место тужената страна.

(3) Сите обврски на осигурувачот се исклучени:

1. ако договарачот на осигурувањето не се придржува на договорените мерки со осигурувачот, заради спречување штетни настани кои можат да имаат за последица негова одговорност, или ако не спровел мерки кои надлежните органи на власта ги пропишуваат за таа цел, а до штети дошло поради тие пропуштања;
2. ако оштетувањето или уништувањето на предметите настанало по престанок на обврските, па и тогаш, ако ги предало на договарачот пред престанување на обврските;
3. за сите штети кои би настанале на моторните возила со приколки за време на паркирање на за тоа одредени места како и сместените во кампови, за исчезнување, оштетување или уништување на предмети сместени во моторните возила, приколки или покрај нив.

**Член 6 - ДОЛЖНОСТ НА ДОГОВАРАЧОТ ПО ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ**

(1) По настанување на осигурениот случај, договарачот на осигурувањето е должен:

1. за тоа веднаш писмено да го извести осигурувачот, а најдоцна во рок од 3 дена, по приемот на оштетното побарување, односно кога ќе дознае дека е покрената кривична постапка поради настанот кој може да има за последици негова одговорност за надомест на штета.;
2. во пријавата особено да ги назначи: времето, начинот и причината на штетниот настан, попис на исчезнатите, оштетените или уништените предмети, нивната набавна вредност и висина на настанатата штета, точен опис на телесните повреди на оштетените;
3. секој случај на настанатата штета, доколку повлекува било чија кривична одговорност, да го пријави на надлежните органи за кривично гонење,
4. да ги преземе сите можни мерки да се намали штетата и да се преземе се што би можело да послужи за објаснување на случајот да одбрани од неосновани или неумерени побарувања, а во тој поглед има да се придржува на упатствата добиени од осигурувачот,
5. да преземе се што е потребно за остварување на регресно побарувањље од лицата одговорни за настанатата штета или ова свое право да го пренесе врз осигурувачот,
6. во случај на тужба за надомест на штета веднаш писмено да го извести осигурувачот.

(2) Ако договарачот не ја изврши должноста од претходниот став, осигурувачот има право да го намали надоместокот за износот на штетата, која настанала на осигурувачот поради наведените пропусти.

(3) Во случај исчезнатите предмети дополнително да се пронајдат по исплатената оштета, договарачот на осигурувањето е должен на оштетеното лице да му стави на избор: стварите да ги прими и примената оштета да ја врати, примената оштета да ја задржи, а односните предмети да ги препушти на осигурувачот.

Доколку оштетеното лице не се изјасни во одредениот рок, најдените предмети му припаѓаат на осигурувачот.

**Член 7 - ИСПЛАТА НА ОШТЕТА**

(1) Осигурувачот е должен да ја исплати оштетата во рок од 14 дена, сметајќи од денот кога на договарачот на осигурувањето го исплатил оштетното побарување односно 14 дена од денот кога на договарачот на осигурувањето му е врачена правосилна судска пресуда со која е утврдена неговата обврска, или таа обврска е утврдена врз основа на согласноста на осигурувачот и договарачот на осигурувањето.

(2) Се смета дека осигурувачот, во случај кога оштетното побарување ја надминува осигурената сума, ја исполнил својата обврска кога на договарачот на осигурувањето му исплатил или му ставил на располагање износ кој одговара на договорените осигурени суми и на дотогаш настанатите судски трошоци.

(3) Ако износот на пресуденото оштетно побарување ја преминува осигурената сума, осигурувачот учествува во трошоците на договарачот во висина и во сразмер на осигурената сума и признаеното побарување, па и тогаш, кога се повеќе спорови по ист настан.

(4) Во случај на несогласување на договарачот со предлогот на осигурувачот оштетното побарување да се ликвидира по спогодба, осигурувачот не е должен да плати вишок на оштети, каматите и трошоците настанати поради спротивставувањето на спогодбата.

(5) Ако осигурувачот е против предлогот на договарачот на осигурувањето оштетното побарување да се ликвидира по спогодба, должен е да го плати вишокот на оштета, каматите и трошоците и тогаш кога ја надминуваат сумата на осигурување.

**Член 8 - ПРАВО НА ОСИГУРУВАЧОТ НА РЕГРЕС**

(1) Со исплата на износот на оштетата осигурувачот стапува до износот на платениот надоместок во правата на договарачот на осигурувањето на третото лице.

(2) По исклучок од одредбите на ставот (1) од овој член осигурувачот не стапува во правата на договарачот на осигурувањето спрема трето лице, ако договарачот на осигурувањето тоа трето лице го издржува или со него живее во заедничко домаќинство, освен ако третото лице намерно ја предизвикало штетата.

**Член 9 - ЗАСТАРУВАЊЕ**

(1) Застарување на побарувањето на договарачот спрема Осигурувачот, во случај кога оштетениот бара надомест од договарачот, или го добие од него, почнува од денот кога оштетеното лице барало по судски пат надомест од договарачот, односно кога договарачот го обештетил.

(2) Непосредно барање на оштетениот спрема осигурувачот застарува за исто време за кое застарува неговото барање спрема договарачот.

(3) Застарување на побарувањето кое му припаѓа на осигурувачот спрема трето лице одговорно за настанување на осигурениот случај почнува да тече тогаш кога и застарувањето на побарувањето на договарачот односно на оштетениот спрема тоа лице и се навршува во истиот рок.

**Член 10 - ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За односите помеѓу договарачот и осигурувачот, кои не се регулирани со прописи, ниту со овие Посебни услови, важат одредбите на Законот за облигационите односи.

Овие Посебни услови ги донесе Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Евролинк - Скопје на својата 3-та редовна седница одржана на 25.02.2003 година со одлука бр. 0202-72/28 со примена од 25.02.2003 година со измени и дополнувања донесени на 97-та редовна седница на Одборот на директори одржана на ден 24.12.2013 година со одлука бр.0202-6883/15 со примена од 24.12.2013 година.